вување во трговските друштва во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.06/2011)

**Правилник** за начинот за вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот („Службен весник на Република Македонија “ бр.107/11)

**Правилник** за сметководствен план и содржината на одделни сметки во сметковниот план („Службен весник на Република Македонија“ бр.174/11)

Етички кодекс за стечајните управници ("Службен весник на Република Македонија" бр.119/06) .

4.2. ЛИТЕРАТУРА

Коментар на Законот за стечај - Б. Брајановски - А. Николовски и Т. Беличанец, Академик, 2006;

Закон за стечај, коментари, објаснувања, судска практика и предметен регистар – Дејан Костовски; Академик 2014;

Трговско право 2005 А.Николовски - С. Плавшиќ

Коментар на Законот за трговските друштва Б. Брајановски-А.Николовски, Самостоен издавач, Скопје, 2004;

Стварно право, др. Родна Живковска, Европа 92,Скопје,2005;

Економика на претпријатија, Проф. д-р Димитар Бојаџиоски, Економски факултет во Скопје, 1999 (стр. 101-227, 295-345, 395-413)

Менаџмент, трето издание, Проф. д-р Бобек Шуклев, Економски факултет, Скопје, 2006 (стр. 3-355) или Менаџментот, проф. д-р Тодор Кралев, ЦИМ, Скопје, 1995 (стр. 2-28, 102-437)

Сметководство на деловниот менаџмент, Проф. д-р Слободан Марковски - проф. д-р Блажо Недев, Економски факултет, Скопје, 1995 (стр. 5061, 135-162, 358-380, 437-560)

Претприемништво, Проф. д-р Таки Фити, м-р Верица Хаџивасилева - Марковска, Милфорд Беитмен, Економски факултет, Скопје, 1999 (str161-197м 229-267)

Финансиско сметководство, Проф. д-р Трајко Русевски, Скопје,Сојуз на сметководители, второ издание, 1994 (стр. 18-231, 272-323)

Финансиски Менаџмент, Проф. д-р Синиша Спасов, УНИЈА, Скопје, 2005

Основи на сметководство, Проф. д-р Серафим Томовски, Скопје, 1996 и

Правила за тргување на Македонската берза АД Скопје, (Правила за тргување –пречистен текст, Македонската берза АД Скопје, март 2018)

Меѓународни сметководствени стандарди 2000, Комисија за сметководствени стандарди, Скопје, 2000.

3. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 15-4242/1
18 јули 2018 година
Скопје

Министер за економија,
**Крешник Бектеши**, с.р.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

**2602.**

Врз основа на член 23 став 3 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија” бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18), министерот за образование и наука донесе

## К А Л Е Н Д А Р ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА УЧЕБНАТА 2018/2019 ГОДИНА ВО ЈАВНИТЕ СРЕДНИ УЧИЛИШТА

Член 1

Со овој календар се утврдува организирањето на учебната година во јавните средни училишта согласно програмските целини во наставната година: полугодие, други форми на воспитно образовна дејност и ученички одмор за учебната 2018/2019 година.

Член 2

Учебната година во јавните средни училишта започнува на 1 септември 2018 година, а завршува на 31 август 2019 година.

Наставната година започнува на 3 септември 2018 година и завршува на 10 јуни 2019 година, освен за учениците од завршната година од гимназиско образование, стручно образование со четиригодишно и тригодишно траење на образованието, уметничко образование и средно стручно образование за ученици со посебни образовни потреби за кои редовната настава завршува на 17 мај 2019 година.

Член 3

Наставната година ја сочинуваат две полугодија - I и II полугодие.

Првото полугодие започнува на 3 септември 2018 година и завршува на 31 декември 2018 година.

Второто полугодие започнува на 21 јануари 2019 година и завршува на 10 јуни 2019 година.

Член 4

Во текот на учебната година учениците користат зимски и летен одмор.

Зимскиот одмор започнува на 1 јануари 2019 година и завршува на 20 јануари 2019 година.

Летниот одмор започнува на 11 јуни 2019 година и завршува на 31 август 2019 година.

Член 5

За учениците од завршните години на средното образование кои ќе полагаат државна матура, училишна матура или завршен испит во јунскиот испитен рок, јавните средни училишта во времето од 20 мај до 28 мај 2019 година организираат подготвителна настава, консултации и други форми на помош за учениците кои треба да полагаат поправни испити, испит на годината, дополнителни испити, испити за побрзо напредување, матурски и завршни испити.

За учениците од завршните години на средното образование кои ќе полагаат државна матура, училишна матура или завршен испит во августовскиот испитен рок, јавните средни училишта во времето од 17 јуни до 28 јуни 2019 година организираат подготвителна настава, консултации и други форми на помош за учениците кои треба да полагаат поправни испити, испит на годината, дополнителни испити, испити за побрзо напредување, матурски и завршни испити.

Јавните средни училишта во времето од 12 јуни до 20 јуни 2019 година и од 12 август до 16 август 2019 година организираат подготвителна настава, консултации и други форми на помош за учениците кои треба да полагаат поправни испити, испит на годината, дополнителни испити и испити за побрзо напредување.

Член 6

Екстерните испити од државната матура во гимназиското образование во јунскиот испитен рок се спроведуваат во следниве термини:

- англиски јазик, француски јазик, германски јазик, односно руски јазик на 1 јуни 2019 година со почеток во 10 часот;

- македонски јазик и литература, албански јазик и литература, односно турски јазик и литература на 8 јуни 2019 година со почеток во 10 часот;

- хемија, физика, биологија, историја и филозофија на 11 јуни 2019 година со почеток во 10 часот;

- математика на 13 јуни 2019 година со почеток во 10 часот.

За учениците од став 1 на овој член кои во јунскиот испитен рок не положиле дел или сите испити од државната матура во гимназиското образование или од оправдани причини не полагале државна матура или дел од државната матура во гимназиското образование во јунскиот испитен рок, се организира втор испитен рок во август во следните термини:

- англиски јазик, француски јазик, германски јазик, односно руски јазик на 12 август 2019 година со почеток во 10 часот;

- македонски јазик и литература, албански јазик и литература, односно турски јазик и литература на 13 август 2019 година со почеток во 10 часот;

- хемија, физика, биологија, историја и филозофија на 14 август 2019 година со почеток во 10 часот;

- математика на 15 август 2019 година со почеток во 10 часот.

Екстерните испити од државната матура во уметничкото образование во јунскиот испитен рок се спроведуваат во следниве термини:

- англиски јазик, француски јазик, германски јазик, односно руски јазик на 1 јуни 2019 година со почеток во 10 часот;

- македонски јазик и литература, албански јазик и литература, односно турски јазик и литература на 8 јуни 2019 година со почеток во 10 часот;

- историја, филозофија, односно естетика на 11 јуни 2019 година со почеток во 10 часот.

За учениците од став 3 на овој член кои во јунскиот испитен рок не положиле дел или сите испити од државната матура во уметничко образование или од оправдани причини не полагале државна матура или дел од државната матура во уметничко образование во јунскиот испитен рок, се организира втор испитен рок во август во следните термини:

- англиски јазик, француски јазик, германски јазик, односно руски јазик на 12 август 2019 година со почеток во 10 часот;

- македонски јазик и литература, албански јазик и литература, односно турски јазик и литература на 13 август 2019 година со почеток во 10 часот;

- историја, филозофија, односно естетика на 14 август 2019 година со почеток во 10 часот.

Екстерните испити од државната матура во четиригодишното стручно образование во јунскиот испитен рок се спроведуваат во следниве термини:

- англиски јазик, француски јазик, германски јазик, односно руски јазик на 1 јуни 2019 година со почеток во 10 часот;

- македонски јазик и литература, албански јазик и литература, односно турски јазик и литература на 8 јуни 2019 година со почеток во 10 часот;

- хемија, физика, биологија, историја и бизнис на 11 јуни 2019 година со почеток во 10 часот;

- математика на 13 јуни 2019 година со почеток во 10 часот.

За учениците од став 5 на овој член кои во јунскиот испитен рок не положиле дел или сите испити од државната матура во четиригодишното стручно образование или од оправдани причини не полагале државна матура или дел од државната матура во четиригодишното стручно образование во јунскиот испитен рок, се организира втор испитен рок во август во следните термини:

- англиски јазик, француски јазик, германски јазик, односно руски јазик на 12 август 2019 година со почеток во 10 часот;

- македонски јазик и литература, албански јазик и литература, односно турски јазик и литература на 13 август 2019 година со почеток во 10 часот;

- хемија, физика, биологија, историја и бизнис на 14 август 2019 година со почеток во 10 часот;

- математика на 15 август 2019 година со почеток во 10 часот.

Интерните испити од изборниот дел на државната матура се спроведуваат во термини утврдени од училишната матурска комисија на предлог на соодветните училишни предметни комисии и тоа:

- во јунскиот испитен рок во периодот од 17 јуни до 28 јуни 2019 година и

- во августовскиот испитен рок во периодот од 19 август до 23 август 2019 година.

Презентацијата и одбраната на проектната задача за учениците од гимназиско и средно стручно образование се реализира во периодот од 13 март до 24 април 2018 година и од 19 август до 23 август 2019 година.

Презентација и одбрана на проектна задача за учениците од средното уметничко образование се реализира во периодот од 13 март до 15 мај 2019 година година и од 19 август до 23 август 2019 година.

Член 7

Училишната матура во гимназиското образование, училишната матура во уметничкото образование и завршниот испит во четиригодишното стручно образование се спроведуваат во два испитни рока и тоа: јуни и август.

Во јунскиот испитен рок:

- задолжителен дел (македонски јазик и литература, албански јазик и литература, односно турски јазик и литература) на 12 јуни 2019 година со почеток во 9 часот.

Во августовскиот испитен рок:

- задолжителен дел (македонски јазик и литература, албански јазик и литература, односно турски јазик и литература) на 16 август 2019 година со почеток во 9 часот.

Испитот од изборниот дел на училишната матура во гимназиското и во уметничкото образование, испитот од изборниот дел на завршниот испит во четиригодишното стручно образование и проектната задача се спроведуваат во термини утврдени од училишната матурска комисија на предлог на соодветните училишни предметни комисии и тоа:

- во јунскиот испитен рок во времето од 17 јуни до 28 јуни 2019 година и

- во августовскиот испитен рок во времето од 19 август до 23 август 2019 година.

Презентацијата и одбраната на проектната задача за учениците од гимназиско и средно стручно образование се реализира во периодот од 13 март до 24 април 2019 година и од 19 август до 23 август 2019 година.

Презентација и одбрана на проектна задача за учениците од средното уметничко образование се реализира во периодот од 13 март до 15 мај 2019 година година и од 19 август до 23 август 2019 година.

Член 8

Завршниот испит во тригодишното стручно образование се спроведува во три испитни рока и тоа: јуни, август и јануари.

Во јунскиот рок:

- македонски јазик и литература, албански јазик и литература, односно турски јазик и литература на 12 јуни 2019 година со почеток во 9 часот.

Во августовскиот рок:

- македонски јазик и литература, албански јазик и литература, односно турски јазик и литература на 16 август 2019 година со почеток во 9 часот.

Во јануарскиот рок- за време на зимскиот одмор на учениците.

Индивидуалната практична работа во тригодишното стручно образование се спроведува во термини утврдени од училишната матурска комисија на предлог на соодветните училишни предметни комисии.

Член 9

Воспитно-образовната работа за учениците се организира во текот на целата работна недела.

Член 10

Во текот на наставната година во јавните средни училишта во завршната година на образованието се остваруваат најмалку 166 наставни денови, а за сите останати години на образование се остваруваат најмалку 180 наставни денови.

Член 11

На денот на училиштето се организираат културни, спортски и други манифестации.

Традиционалниот ден на просветата за припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик се одбележува со организирање на културни и други манифестации.

Член 12

Работните деновите кога се изведуваат ученичките екскурзии, Денот на еколошката акција на младите во Република Македонија, денот на училиштето и традиционалниот ден на просветата за припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик, се наставни денови кога се изведуваат посебни програми.

Член 13

Феријалната практика се остварува во зависност од специфичноста на образовниот профил и се изведува за време на летниот одмор на учениците.

Член 14

Со денот на влегувањето во сила на овој календар престанува да важи Календарот за организација на учебната 2017/2018 година во јавните средни училишта („Службен весник на Република Македонија" бр. 116/17).

Член 15

Овој календар влегува во сила осмиот ден од денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 септември 2018 година.

| | |
|---|---|
| Бр. 12-8665/1 | Министер за образование |
| 17 јули 2018 година | и наука, |
| Скопје | др.**Арбер Адеми,** с.р. |

# УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**2603.**

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 9 јули 2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

1. СЕ ПОНИШТУВА Одлуката за распишување на референдум на локално ниво, број 35-1657/3, донесена од Советот на Општина Прилеп на 4 септември 2017 година („Службен гласник на Општина Прилеп" бр.9/2017).

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија, на иницијатива на Државниот инспекторат за локална самоуправа, со Решение У.бр.119/2017 од 30 мај 2018 година поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката означена во точката 1 од оваа одлука, затоа што се постави прашање за нејзината согласност со Уставот и со закон.

4. Судот на седницата утврди дека Одлуката е донесена врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 28 ставови 3 и 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), како и член 6 став 2 и членови 36 и 37 од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните („Службен весник на Република Македонија" бр.81/2005).

Членот 1 од Одлуката определува дека „Советот на Општина Прилеп распишува референдум за подрачјето на Општина Прилеп заради изјаснување на граѓаните околу прашањето за населување и интеграција на мигранти на територија на Општина Прилеп" (став 1) и дека „Советот на Општина Прилеп го распишува референдумот од претходниот став по сопствена иницијатива, а по претходна неформална граѓанска иницијатива од граѓаните на Општина Прилеп" (став 2).

Според член 2 од Одлуката, „на референдумот на локално ниво граѓаните на Општина Прилеп ќе се произнесат по однос на следното прашање: 1. Дали сте ЗА или ПРОТИВ населување и интеграција на мигранти на територија на Општина Прилеп?".

Во членот 3 се пропишува дека „изјаснувањето на референдумското прашање од член 2 на оваа одлука се спроведува со цел граѓаните на Општина Прилеп да одлучат дали се ЗА или ПРОТИВ населување и интеграција на мигранти на територија на Општина Прилеп", а според член 4 „Одлуката за референдум на локално ниво се смета за донесена ако за неа гласале мнозинството од вкупниот број граѓани кои гласале, доколку гласале повеќе од половината од вкупниот број граѓани запишани во изводот од Избирачкиот список на Општина Прилеп".

Членот 5 од Одлуката го определува денот и времето на спроведувањето на референдумот, членот 6 пропишува дека средствата за спроведување на референдумот ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Прилеп за 2017 година, членот 7 утврдува дека по еден примерок од Одлуката ќе се достави до Општинската изборна комисија и до Државната изборна комисија, а членот 8 определува дека Советот на Општината ќе ги информира граѓаните за донесената одлука преку средствата за јавно информирање и ќе ја објави Одлуката во службено гласило на Општината.

Според член 9, Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Прилеп".

5.а) Во врска со положбата на општината во правниот поредок на Република Македонија, Судот утврди дека:

а.1. Според Уставот:

- Локалната самоуправа е темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија (член 8 став 1 алинеја 9);